Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 15.02.2024

На 14.02.2024 на подрачје на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - Единица за недозволена трговија со дрога и полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода В.К.(34) од Скопје. Имено, по преземени мерки и активности и обезбедени докази, било дојдено до сознание дека лицето врши продажба на дрога, а вчера, при преглед во возилото кое го управувал, бил пронајден и одземен хероин. Во врска со настанот, а со цел обезбедување дополнителни докази, врз основа на судска наредба биле извршени претреси на три локации во Скопје. При еден од претресите, исто така, на подрачје на Гази Баба, полициските службеници затекнале две женски лица кои одбиле да се легитимираат. Една од нив со патничко возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки го напуштила местото и притоа со возилото удрила еден од полициските службеници. По преземени мерки било констатирано дека се работи за лицето А.Ј.(26) од с.Орланци, општина Арачиново, која набргу била пронајдена и лишена од слобода. По целосно документирање на случајот, во координација со ОЈО ќе бидат поднесени соодветни пријави по чл. 215 и 383 од КЗ.

На 14.02.2024 во 23.00 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.С.(41) и В.С.(46), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.02.2024 во 23.40 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (14.02.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 151 возач. Од них четири возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 79 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 72 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 201 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 29 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за поминување на затворен сигнал - црвено светло, осум санкции за користење мобилен телефон при возење, 47 мерки за прекршоци што си чинат пешаците...

Во текот на вчерашниот ден (14.02.2024) во периодот од 09.00 до 14.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе сообраќајна контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 188 пешаци од кои, 163 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин... За време на контролата санкционирани се и 98 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 14.02.2024 во 12.26 часот во СВР Штип било пријавено дека на експресниот пат Штип-Кочани, во близина на с.Жиганци, општина Чешиново – Облешево, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „волксваген голф" со кочански регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(54) од Кочани, патничко возило „сеат" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.А.(25) од Скопје и патничко возило „митроен" со винички регистарски ознаки, управувано од Л.С.(58) од Винница. Од здобиените повреди на местото на несреќата починале сопатникот од возилото „сеат" Н.П.(24) од Скопје и Г.А.(52) од Кочани, сопатник, од возилото „волксваген голф". Лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт. Со тешки телесни повреди се здобиле Д.Д., Л.С., сопатникот од возилото „волксваген голф" Б.А. (51) од Кочани и две сопатници од возилото „митроен" М.С.(63) и Ц.С.(84), двете од Винница, а со телесни повреди се здобиле М.А. и уште една сопатничка од возилото „митроен" М.С.(50) од Винница, констатирани во Клиничката болница Штип, Општата болница Кочани и Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 14.02.2024 во 06.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на кружен тек на ул. „Скупи" со бул.„8 Септември" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(36) од с.Жвачинино, скопско и патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Т.(45) од Скопје, кој го напуштил местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил С.Т., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.02.2024 околу 10.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат-обиколница на град Скопје, во близина на надвозник кај с.Стајковци, патничко возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(22) од с.Марино, општина Илинден, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатиран во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 14.02.2024 во 10.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Штип - Кадрифаково, во близина на надвозник на експресен пат Штип – Кочани, товарно возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Ј.(20) од Штип, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатиран во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 14.02.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Аеродром, З.И.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Божин Николов-Силни" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 14.02.2024 во 14.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, К.Л.(38) од Скопје пријавила дека на ул. „Дервиш Хима" во Скопје била касната од куче скитник.

На 14.02.2024 во 13.25 часот во Полициската станица Гази Баба, В.К.(25) од с.Чучер Сандево, скопско, пријавила дека на ул.„Методија Андонов Чento" во Скопје била касната од куче скитник.

На 14.02.2024 во 11.10 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.А.(24) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2024 во 16.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле М.С.(23) од с.Длабочица, кривопаланечко. Таа била фатена при обид да извриши кражба во продавен објект во Куманово. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (15.02.2024) во 09.10 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Аеродром и Драчево при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.П.(37) од Штип затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.02.2024 во 20.30 часот на ул.„Јадранска магистрала" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Блаце при Регионалниот центар за гранични работи Север ги привеле О.С.(41) и З.З.(53), двајцата од Скопје. При преглед во возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал О.С., а сопатник бил З.З., биле пронајдени производи за кои не поседувале никаква документација. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Н.Ш.(30) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи на безбедноста". Тој, на 12.02.2024 околу 22.00 часот часот во Кичево физички нападнал полициски службеник кој presemaл службени дејствија.

На 14.02.2024 во 21.15 часот во Македонска Каменица, полициски службеници од Полициското одделение Македонска Каменица го лишиле од слобода И.И.(46) затоа што околу 15.40 часот агресивно се однесувал и упатил закани кон К.Ѓ.(26) од Македонска Каменица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.02.2024 во 12.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Батинци, скопско, Н.Д. (21) од истото село физички нападнала малолетничка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (15.02.2024) во 00.57 часот во СВР Скопје, Б.М. пријавила дека на подрачјето на Карпош била физички нападната од М.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.02.2024 околу 05.50 часот во Полициската станица Демир Хисар било пријавено дека во с.Журче, демирхисарско, настанал пожар во помошна просторија сопственост на З.Р. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Демир Хисар пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 14.02.2024 во 18.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Драчево, скопско, со тврд предмет било оштетено стакло од штаб на една политичка партија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.02.2024 во 09.20 часот во СВР Велес било пријавено дека во сопственот дом во населба Рачени во Велес бил пронајден починат Р.А.(74) од Велес. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинителот телото на починатот било предадено на обдукција.

На 15.02.2024 во 01.45 часот во Полициското одделение Штип Оризари, Н.М.(47) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила Ј.А.(13), која и е доделена на згрижување, а претходно повеќе пати се оддалечувала и била враќана. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.02.2024 во 00.20 часот во СВР Куманово, М.И.(28) од Куманово пријавила дека на булеварот „ Октомвриска револуција" била касната од куче скитник.

На 14.02.2024 во 16.20 часот во Полициската станица Велес, Р.М.(47) од Велес пријавил дека кај место викано „Јурија" во Велес бил каснат од куче скитник.

Седумдесетгодишната тетовка В.Ј., вчера (14 февруари) во 19.30 часот во СВР Тетово пријавила дека околу 17.00 часот на улица „Бане Стефановски" во Тетово била касната од куче скитник.

На 14.02.2024 во 13.20 часот во Полициската станица Аеродром, А.А.(45) од с.Инциково, скопско, пријавил дека на ул.„Владимир Комаров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Т.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 07.07.2023 на подрачје на Центар во Скопје, пријавениот од огнено оружје испукал еден куршум кон Љ.К. од Скопје и му нанел прострелна рана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Р.(70) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудије при тепачка или караница". На 20.08.2023 во Гостивар, пријавениот со тврд предмет го нападнал К.Р.(47) од Гостивар, по што му се заканил со пиштол.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.П.(20) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На работното место во продавен објект во Свети Николе, пријавената задржала банкарска картичка која ја заборавило лице од Свети Николе, по што во периодот од 11.01.2024 до 16.01.2024 извршила повеќе плаќања, стекнувајќи се со противправна имотна корист од 5.235 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Л.(30) и Е.С.(35), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно претставување", а второпријавениот и за кривично дело „соучествување". На 01.02.2024, пријавените пресретнале две лица државјани на Република Турција, им се претставиле дека се полициски службеници, по што М.Л. извршил претрес над нив и од едното лице одзел пари, мобилен телефон и патна исправа.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.М.(54) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија". На 09.10.2023, при увид во куќата на пријавениот, било констатирано дека во периодот од 09.11.2022 до 09.10.2023 тој presemaл електрична енергија и предизвикал материјална штета од 44.274 денари на компанијата која продава електрична енергија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Д.Т.(29) од с. Куклиш, стручничо, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 12.11.2023, по вербална расправија, пријавениот физички ја нападнал М.Т. од Струмица, со која претходно бил во врска.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против С.М.(48) од беровско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда". На 28.10.2023 во семејната куќа, пријавениот физички ја нападнал неговата 46-годишна сопруга и и нанел повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Р.(38) од гостиварско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда при вршење на семејно насилство". На 23.01.2024 во семејната куќа, пријавениот физички ја нападнал неговата 63-годишна мајка и и нанел повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ѓ.И.(55) од с.Градец, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 19.12.2023 во Гостивар, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило, управувано од пријавениот, при што било констатирано дека вршел јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Политика за приватност | Политика за колачиња
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет